# Организација на жените на општина Свети Николе

# Е-Билтен 3

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

KVINNA KVINNA

Sweden Sverige

## Настан „Поврзи се и делувај“

Организација на жените на општина Свети Николе на 26 август ја реализира промотивната активност „Поврзи се и делувај“, со цел директна комуникација со граѓаните и собирање идеи за идни активности. Благодарни сме на сите сограѓани, особено на младите, за поддршката и креативните предлози што ќе ни помогнат да создадеме програми според потребите на заедницата.











## РАСТЕМЕ ЗАЕДНО ВО ЛИДЕРКИ НА ЗАЕДНИЦАТА

Беровско Езеро, сончев ден и раскошни бои – вистинска магија за прекрасно искуство. Заедно со менторките и девојчињата вклучени во менторската програма поминавме ден исполнет со креативност и дружење. На крајот, размената на нивните цртежи беше симболичен, но значаен чин на доверба, блискост и пријателство.

## ГЛАСОТ НА ДЕВОЈКИТЕ: ЗАЕДНИЦАТА НИЗ НАШИ ОЧИ

ОЖОСВН на 03.09.2025 во Свети Николе организира отворена дискусија со девојки од источниот и вардарскиот регион, кои зборуваа за своите искуства и предизвици. Тие посочија проблеми со образованието, културниот и спортскиот живот, како и безбедноста на улиците, но дадоа и идеи за промени – повеќе младински клубови, културни и спортски активности, подобра инфраструктура и поголема поддршка од институциите. Девојките ја нагласија својата желба активно да придонесат за позитивни промени во заедниците.







## РАБОТНА СРЕДБА СО ДЕЛ ОД ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ И ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ОД ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ



На 02.09.2025 одржавме работна средба со дел од членовите на советот и општинската администрација од општина Свети Николе каде ги согледавме ефектите, предизвиците, подобрувањата и проблемите во однос на локалните политики и донесувањето одлуки на локално ниво во изминатите четири години.







## ТИМ БИЛДИНГ НА ОЖОСВН

Од 12 до 15 август во Охрид, ОЖОСВН за прв пат реализира тим билдинг за дел од извршните и управните тела на организацијата, воден од Љупка Ристовска од „Енџој тим билдинг Македонија“. Преку практични вежби, групни активности и „Тимска олимпијада“ се зајакнаа комуникацијата, довербата и соработката меѓу членовите. Настанот покажа дека ваквите активности се клучни за поголема поврзаност и успешност на тимот во иднината.



Изготвивме видео за подигање на свеста за осудувањето на жените во секојдневниот живот и со што се таа се соочува. Видеото предизвика позитивни реакции и коментари кај нашите подржувачи. Видеото може да се погледне на нашите социјални медиуми.

## Канцеларија за Бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка







Во овој период во општините Велес, Лозово, Кавадарци, Неготино и селата Амзабегово, Црнилиште, Мустафино и Ерцелија (општина Свети Николе) ја промовиравме канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка, каде беа поделени 1000 флаери.

Континуирано ја промовираме канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка на социјалните медиуми.









ПРЕЉУБНИЦИТЕ ОД КОНЦЕРТОТ НА „КОЛДПЛЕЈ“ СЕ И НАШЕ ОГЛЕДАЛО ВО КОЕ СЕ ОГЛЕДУВААТ НАШИТЕ ФРУСТРАЦИИ И ЖЕЛБИ: ИЛИ ЗОШТО ОД МОРАЛИСТИ СТАНАВМЕ САЈБЕР-НАСИЛНИЦИ

Новости

15 септември 2025

Сè уште е „жежок“ глобалниот скандал кој го сврте вниманието на заинтересираната јавност кога „kiss cam“, камерата што ги снима паровите за да ги натера да се бакнуваат на големото платно како забава на настани, го стави парот кој необично реагираше на вниманието на гледачите, а со тоа и

Статија напишана од Емина Петкова - психолог при канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка на тема: Прељубниците од концертот на „Колдплеј“ се и наше огледало во кое се огледуваат нашите фрустрации и желби: Или зошто од моралисти станавме сајбер-насилници.

# Работилници со групата за самопомош



Негативните мисли се фантазија на вашето его



Релаксација

# Поддршка за реакција како дел од Платформата за родова еднаквост




Реакција: Справувањето со насилството нема свое место во политиките на МОН

# Поддршка за реакција како дел од Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство



**Уште едно убиство на жена (фемицид) што можеше да биде спречено**

септември 16, 2025 Соопштенија за јавност

Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство изразува огромно жалење поради уште еден изгубен женски живот како последица на несоодветно и ненавремено постапување на надлежните институции.

Вчера бевме сведоци на уште едно **убиство на жена (фемицид – убиство на жена во родово базирано насилство) и убиство на нејзиниот татко (убиство во семејно насилство) во Велес, кое е последица на затајувањето на институциите надлежни за справување со насилството врз жените**.

Од информациите кои беа проследени од медиумите после овој трагичен настан, се дознава дека имало историја на континуирано интимно партнерско насилство (форма на родово базирано насилство), дека жртвата повеќепати го пријавувала насилникот во полиција поради закани по нејзиниот и животот на нејзиниот татко, дека постоело загрозување на нејзината сигурност, преку сериозни закани упатени од сторителот, па дури во еден наврат бил запален и нејзиниот автомобил. Од она што го пренесоа медиумите, има сознанија дека убиената жена кога го пријавувала насилството барала заштита од полициските службеници потенцирајќи ги заканите и нејзиниот страв дека може да биде убиена, но за жал институциите и покрај јасните правила за проценка на ризик, во овој случај очигледно пропуштиле да го проценат соодветно ризикот

Уште едно убиство на жена (фемицид) што можеше да биде спречено

# ДРУГИ СПОДЕЛЕНИ АКТИВНОСТИ ОД ОЖОСВН



Пост од Квина за менторките - девојки на возраст од 15 до 17 години кои се дел од програмата Растеме заедно во лидерки на заедницата




ОЖОСВН како дел од мрежниот состанок на фондацијата Квина тил Квина во Струга




Објава за прв училишен ден за подигање на свеста против врсничко насилство




ОЖОСВН е дел од проект финансиран од Британската амбасада и фондацијата Квина тил Квина, кој има за цел зајакнување на женските права и справување со родово базирано насилство во Западен Балкан.


ВОДИЧ ЗА ПЕРИМЕНОПАУЗА
(скрининг, дијагноза и третман)
за здравствени работници и соработници
РАБОТНА ВЕРЗИЈА

За првпат во Македонија е изработен национален Водич за перименопауза со јасни насоки за навремено препознавање, дијагноза и интегрирана поддршка на жените во оваа животна фаза.




ОЖОСВН беше дел од протестот за фемицидот што се случи во Велес. Убиството на Росица и на сите жени брутално убиени од свои сегашни или поранешни партнери, можеше и мораше да биде спречено, а тие да бидат заштитени.

# МЕЃУНАРОДНИ ДЕНОВИ ОДБЕЛЕЖАНИ ВО ОВОЈ КВАРТАЛ

- 11.07 - Светскиот ден на населението
- 28.07 - Светски ден на хепатитот
- 30.07 - Интернационален ден на пријателството
- 01-07.08 - Светска недела на доењето
- 12.08 - Меѓународен ден на младите
- 10.09 - Светски ден за превенција од самоубиства
- 15.09 - Меѓународен ден на демократијата
- 21.09 - Меѓународен ден на мирот
- 21.09 - Светски ден на благодарноста
- 26.09 - Светски ден на контрацепцијата
- 28.09 - Меѓународен ден на безбеден абортус



















**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ**
**НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

032 444 620

ул. Ленинова број 1-1/4 П.Фах 13 2220 Свети Николе

info@womsvetinikole.org.mk
womsvetinikole@yahoo.com

facebook.com/womsvetinikole

www.womsvetinikole.org.mk

instagram.com/ozo_svnikole

**Доколку сакате да ги поддржете нашите активности можете да направите уплата на сметка:**
270000000911687 - **Халк Банка**

---

# Ви благодариме!